**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474
www.mrt.com.mk

# З А П И С Н И К
## Од Десетата седница на Програмскиот совет на МРТ
## одржана на 10.09.2025 година, во 11:00 часот, сала за состаноци во МРТ

Присутни членови на десетата седница на Програмски совет на МРТ: *Давор Пашоски, Баким Лачи, Ивана Ефремовски, Томислав Кежаровски, Бурим Рамадани, Патриот Лумани, Билјана Бабиќ, Лазо Трпков, Марјан Велевски и Музбајдин Ќамиљи.*

Он-лајн ја следеа седницата: *Миле Грозданоски и Владимир Палашевски*

Отсутни членови на десетата седница на Програмски совет на МРТ: *Маја Седрак*

Други присутни на седницата: *Горан Атанасов, Директор на Заеднички функции и администрација.*

Десетата седница на Програмскиот совет започна во 11:08 часот со утврдување присуство на сите членови, односно обезбеден кворум за работа од страна на Претседателот на Програмскиот совет Давор Пашоски.

Претседателот на програмскиот совет, Давор Пашоски го прочита Дневниот ред за Десетата седница, како што следува подолу:

**Дневен ред:**

1. **Разгледување и усвојување на Записниците од 8-ма и 9-та Седница на Програмскиот совет на МРТ**
2. **Формално информирање и запознавање на новиот состав на Програмскиот совет со правата, обврските и надлежностите на членовите, согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Статутот на МРТ.**
3. **Статусот со општите акти кои се од исклучива надлежност на Програмскиот Совет на МРТ.**
4. **Одлука за одложување на донесување Одлука за објавување јавен конкурс за избор на членови на Надзорен одбор, за одложување донесување на нов Статут на МРТ се до избор на членови на Надзорен одбор, за одложување на донесување Одлука за објавување јавен конкурс за избор на Директор и на Заменик директор на МРТ до завршување на изборите за членови на советите на општините и Советот на градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалникот на градот Скопје, односно до контитуирање на советот на општините и советот на град Скопје.**
5. **Информација околу актуелна програмска содржина**

Претседателот го стави Дневниот ред на гласање:

- **За гласаа 12 (дванаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 1. Разгледување и усвојување на Записниците од 8-ма и 9-та Седница на Програмскиот совет на МРТ**

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ го прочита текстот на Предлог-записникот од Осмата седница на Програмскиот совет. Текстот на предлог записникот беше ставен на гласање:

- **За гласаа 12 (дванаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ го прочита текстот на Предлог-записникот од Деветата седница на Програмскиот совет. Текстот на предлог записникот беше ставен на гласање:

- **За гласаа 12 (дванаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 2. Формално информирање и запознавање на новиот состав на Програмскиот совет со правата, обврските и надлежностите на членовите, согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Статутот на МРТ.**

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ Давор Пашоски напомена дека е доставен документот во кој детално се опфатени надлежностите на Програмскиот совет согласно Законот, Статутот, општите акти и европската легислатива. Тој потенцираше дека основа за работењето на Програмскиот совет на МРТ остануваат Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Статутот и Деловникот. Воедно уште еднаш апелираше членовите на Програмскиот совет да се водат според овие пропишани надлежности и да делуваат во согласност со нив, заради ефикасно и законито функционирање на Советот, како највисоко управно тело на јавниот сервис, меѓутоа дека би било добро да се применат и позитивните искуства од европската легислатива.

Збор побара Директорот на Заеднички функции и администрација, Горан Атанасов кој истакна дека доставениот документ е јасен и претставува сублимат на повеќе аспекти, кој ги утврдува надлежностите на Програмскиот совет на МРТ.

Следен се јави за збор Томислав Кежаровски кој предложи за доставениот документ да се дискутира на некоја од наредните седници, како би можело сите членови конкретно да го разгледаат за да можат да се произнесат по истиот.

Потоа побара збор Лазо Трпков кој нагласи дека овој документ може да претставува прирачник за сите членови на Програмскиот совет. Тој понатаму предложи доколку член на Програмскиот совет сака да земе збор, треба да се повика на точка од Деловникот за работа на Програмскиот совет. Следствено на тоа да се образложи по која точка од надлежностите на Програмскиот совет се бара збор.

Членовите на Програмскиот совет беа запознаени со доставениот документ во кој детално се опфатени правата, обврските и надлежностите на Советот согласно Законот, Статутот, општите акти и европската легислатива. Во рамките на дискусијата, документот беше разгледан и членови на Советот изнесоа мислења и предлози за неговата примена како практичен прирачник при вршењето на надлежностите.

**Точка 3. Статусот со општите акти кои се од исклучива надлежност на Програмскиот Совет на МРТ**

Претседателот на Програмскикот совет Давор Пашоски истакна дека на 26 август испратил барање за дополнување на информација до Директорот на МРТ, а доставениот одговор содржи детален преглед на статусот на овие документи.
За оние акти за кои е добиена информација дека треба да се усогласат, а имајќи го предвид член 75 од Статутот, кој утврдува дека предлог за донесување на општите акти доставува директорот на МРТ, тој даде предлог во разумен рок од 15 дена да се достави предлог-документ со динамика за нивно носење и усогласување, според приоритет.
Согласно добиената информација, документите што треба да се усогласат се:

1. Статутот на МРТ – за кој ќе се постапи согласно Одлуката за одложување на носење Одлука за објавување јавен конкурс за изборот на членови на Надзорниот одбор и на директор на МРТ до завршување на изборниот процес, која е следна точка на дневен ред,
2. Правилникот за внатрешна организација,
3. Правилникот за систематизација,
4. Етичкиот кодекс,
5. Правилникот за авторски, изведувачки и сродни права,
6. Правилникот за условите за користење на архивски материјали и
7. Правилникот за јавни набавки.

Со навремено усогласување на овие акти Советот ќе постапи во целосна согласност со своите надлежности и обврски и ќе обезбеди транспарентно и законито функционирање.

Оттука зема збор Горан Атанасов, Директор на заеднички функции и администрација кој истакна дека од сите 7 наведени документи, Правилникот за Систематизација е пообемен

документ и истиот начелно е почнат да се работи, но се работи за пообемна материја и бара повеќе време. Воедно, имајќи го предвид тековниот изборен период, усвојувањето на овој документ ќе биде соодветно одложено.

Следен зема збор Томислав Кежаровски кој даде предлог Правилникот за ситематизација со сите досегашни измени и дополнувања, да се рагледува на некоја од натамошните седници. Имено, тој предложи при разгледувањето на Правилникот за систематизација сите членови на Програмскиот совет да дадат свое мислење доколку треба нешто да се додаде или одземе.

Претседателот на Програмскиот совет Давор Пашоски даде поддршка на овој предлог и рече дека кога ќе биде усвојувањето на новиот Правилник за систематизација, членовите на Програмскиот совет ќе имаат право на свои коментари и мислења. Воедно, додаде дека Правилникот за систематизација го донесува Програмскиот совет, а го предлага Директорот на МРТ.

**Точка 4. Одлука за одложување на донесување Одлука за објавување јавен конкурс за избор на членови на Надзорен одбор, за одложување на донесување на нов Статут на МРТ се до избор на членови на Надзорен одбор, за одложување на донесување Одлука за објавување јавен конкурс за избор на Директор и на Заменик директор на МРТ до завршување на изборите за членови на советите на општините и Советот на градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалникот на градот Скопје, односно до конституирање на советот на општините и на градот Скопје**

Претседателот на Програмскиот совет Давор Пашоски наведе дека на оваа седница Советот донесува Одлука со која се одложува донесување Одлука за објавување јавен конкурс за изборот на членови на Надзорниот одбор, за одложување на донесување нов Статут се до изборот на нови членови на Надзорниот одбор, како и одложување на објавување на јавен конкурс за избор на директор и на заменик директор, до завршување на изборниот процес. Со оваа одлука се постапува строго во согласност со законските прописи, односно согласно член 8-а, став 1 алинеа 3 од Изборниот законик и член 31 став 1 алинеа 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, како и поради потребата од донесување на новиот Статут на МРТ се одлучи како во точка 3 од диспозитивот на Одлуката, односно во рок од 15 дена од денот на донесување на Статутот да се пристапи кон објавување на јавниот конкурс и започнување на постапката за избор на директор и на заменик директор на МРТ. Тој рече дека тоа е важен чекор за да се обезбеди транспарентно и законито работење и да не се остави простор за какви било недоследности и погрешни толкувања.
Дополнително истакна дека, одлуката ќе биде објавена истиот ден на веб-страницата на МРТ, со цел јавноста да биде навремено и целосно информирана.

Оттука зема збор Томислав Кежаровски кој рече дека според него рокот од 15 дена за Одлука за распишување на јавен конкурс за членови на Надзорен одбор е долг и дека тој би го скратил на 5 дена.

Лазо Трпков се надоврза на дискусијата и напомена дека Законот е јасен во однос на поставените рокови од 15 дена и дека тоа е рокот во којшто може да се донесе Одлука за распишување на јавен конкурс за членови на Надзорен одбор, при што нема потреба од погрешни толкувања и недоследности.

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ ја стави точката на гласање:

- **За гласаа 12 (дванаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 5. Информација околу актуелна програмска содржина**

Во врска со оваа точка, Баким Лачи побара информација за утринската програма на МТВ 2 и побара таа да му биде доставена во писмена форма од Одговорниот уредник на Вториот програмски сервис на МРТ.

Претседателот на Програмскиот совет Давор Пашоски му укажана Баким Лачи дека на седницата кога ќе се разгледува Годишната програма за работа на МРТ, ќе има можност да дискутира со Одговорната уредничка на МТВ2 Мерита Гаши, по однос на ова прашање, но и дека за бараната содржина ќе биде доставена соодветна информација во согласност со надлежностите на Советот.

На крај на седницата Претседателот на Програмскиот совет Давор Пашоски истакна дека со денешните точки и донесени одлуки се зајакнува законитоста и ефикасноста на Советот, се поставува јасна динамика за усогласување на актите и се обезбедува транспарентност во работењето, со цел остварување на целта МРТ да се развива како независен, модерен и кредибилен јавен сервис во служба на граѓаните.

Претседателот на Програмскиот совет се заблагодари за продуктивната средба и ја закажа следната седница на 19.09.2025 година во 11:00 часот.
Претседателот на Програмскиот совет, Давор Пашоски ја затвори Десетата седница на Програмски совет на МРТ во 12:23 часот.

Записникот го водеше:
Емилија Камчева Стојановска

Претседател на Програмски Совет на МРТ

02-5516/3
10.09.2025г.

_________________________

Давор Пашоски